# ГОДИШЕН

# ИЗВЕШТАЈ

за работата на Општинското основно училиште

“Круме Кепески“ во учебната 2021/2022 година

| Содржина | | |
|---|---|---|
| 1 | Услови во кои работеше училиштето<br>1.1.Ученици и паралелки<br>1.2.Наставници и стручни соработници | 3,4<br>4,5<br>6 |
| 2 | Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната дејност<br>2.1.Годишна програма за работа на училиштето<br>2.2.Планирање и реализација на наставата<br>2.3.Инклузивна култура, политика и практика во училиштето | 6<br>6<br>6,7<br>7-9 |
| 3 | Редовност, успех и поведение на учениците во текот на првото полугодие од учебната 2021/2022 година<br>3.1.Редовност и поведение на учениците<br>3.2.Успех на учениците<br>3.3.Пофалени и наградени ученици | 9<br>9,10<br>10-12<br>13-15 |
| 4 | Организација и реализација на воннаставната воспитно-образовна работа<br>4.1.Секции,еднократни работилници, јавна и културна дејност и натпревари<br>4.1.1.Работа на секциите<br>4.1.2.Еднократни работилници<br>4.1.3.Проекти<br>4.1.4.Јавна и културна дејност<br>4.1.5.Учество на конкурси и натпревари<br>4.2.Ученички екскурзии, излети, посети и набљуденија<br>4.3.Ученичко организирање и акции | 15<br>15<br>15-18<br>18-21<br>22-25<br>25,26<br>27-35<br>36<br>36 |
| 5 | Грижа на училиштето за здравјето на учениците | 37 |
| 6 | Меѓуетничка интеграција во образованието | 37,38 |
| 7 | Професионално информирање и ориентирање на учениците | 39 |
| 8 | Соработка на училиштето со локалната средина, бизнис заедницата и невладините организации | 40 |
| 9 | Следење и унапредување на воспитно-образовната работа<br>9.1. Следење и вреднување на воспитно-образовната работа<br>9.2.Професионален развој на воспитно-образовниот кадар<br>9.2.1.Посети на семинари, обуки и индивидуално стручно усовршување<br>9.2.2.Активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи<br>9.2.3.Работа на Стручните активи | 41<br>41<br>41<br>41-52<br>52-54<br>54-56 |
| 10 | Извештај за работата на директорот на училиштето | 56-58 |
| 11 | Извештај за работата на психологот на училиштето | 58-62 |
| 12 | Извештај за работата на педагогот на училиштето | 62-64 |
| 13 | Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето | 65-67 |
| 14 | Заклучни согледувања и предлог мерки за подобрување на состојбите и унапредување на дејноста | 68 |

# 1.Услови во кои работеше училиштето

Општинското основно училиште “Круме Кепески“ се наоѓа во Општина „Кисела Вода“, Скопје и е составено од централно и подрачно училиште. Во услови на пандемија предизвикана од КОВИД 19 учебната 2021/2022 година започна на 1.09.2021 година со почитување на Планот на Министерството за образование и наука за започнување на учебната 2021/2022 година и  сите пропишани протоколи и алгоритми поврзани со него .

Во училиштето се задоволени условите во однос на просторот и потребниот број на училници и кабинети за изведување на настава, а во текот на целата учебна година се водеше грижа за естетско уредување на истите.

Во пресрет на учебната година, а почитувајќи ги мерките за безбедност на учениците во услови на пандемија, беа извршени сите неопходните подготовки и беа обезбедени потребните хигиенски и останати услови за прием на учениците.

Имено, целото училиште беше дезинфицирано, беа подготвени информативни материјали поврзани со безбедноста на учениците (постери, флаери, насоки) и беа поставени во сите простории во училиштето, беа обезбедени бесконтактни топломери и средства за дезинфекција на рацете и обувките, беа подготвени интерни протоколи за постапување во услови на пандемија, беа подготвени информации за родителите и истите беа поставени на веб страната на училиштето, воспитно-образовниот кадар беше едуциран во однос на протоколите за постапување, а со учениците постојано се работеше на разбирањето и почитувањето на правилата за однесување во услови на пандемија.

Во оваа учебна година во однос на инфраструктурата спроведени се следните активности:

-извршена е реконструкција на подот во наставничката канцеларија и во магацинот во подрачното училиште во Припор;

-извршено е варосување на сите простории и бојадисување на вратите во подрачното училиште во Припор;

-извршена е промена на кваките и бравите на вратите во подрачното училиште;

-извршена е поправка на електричната инсталација и сменето е осветлувањето во подрачното училиште во Припор;

-бојадисана е оградата на задниот и предниот влез во подрачното училиште;

-извршена е поправка на фасадите во централното и подрачното училиште и на едната страна на фискултурната сала во централното училиште;

-извршено е варосување на наставничката канцеларија и канцеларијата на директорот во централното училиште;

-сменето е осветлувањето во училниците, наставничката канцеларија и канцеларијата на директорот во централното училиште;

-набавени се 2 смарт табли, 2 преносни компјутери и 2 проектори;

-како донација на Општина „Кисела Вода“ добиени се 2 телевизори, 8 преносни компјутери, 5 таблети, 2 смарт табли, 2 проектори и 18 куќишта за статични компјутери;

-како донација на издавачка куќа „Тримакс“ добиена е 1 смарт табла и 1 проектор;

-преку склучен договор со А1 од субвенција добиен е 1 смарт телевизор;

-преку Проектот за унапредување на основното образование на МОН целосно е опремен кабинет за природни науки со мебел, нагледни средства и материјали за работа (лабораториски прибор.

## 1.1 Ученици и паралелки

Во текот на учебната 2021/2022 година во училиштето учеа вкупно 709 ученика од прво до деветто одделение распоредени во 35 паралелки.

Воспитно образовната работа се одвиваше во две училишни згради и тоа во централното училиште во кое учеа 645 ученика од прво до деветто одделение во 30 паралелки и во подрачното училиште во населбата Припор во кое учеа 64 ученика од прво до петто одделение во 5 паралелки.

Оваа учебна година, согласно Планот на Министерството за образование и наука за започнување на учебната 2021/2022 година и протоколите поврзани со него, сите ученици следеа настава со физичко присуство, со исклучок на одреден број на ученици кои поради пандемијата од КОВИД 19, а на барање на родител, следеа настава од далечина. Наставата во подрачното училиште во Припор се одвиваше во прва смена, додека наставата во централното училиште се одвиваше во две смени – одделенска настава во прва смена, а предметна настава во втора смена.

| Вкупен број на паралелки и ученици во училиштето | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Централно | | | | Подрачно | | | | Вкупно централно и подрачно | | | |
| Одд. | Пар. | М | Ж | Вкуп. | Пар. | М | Ж | Вкуп. | Пар. | М | Ж | Вкуп. |
| I | 3 | 37 | 24 | 61 | 1 | 6 | 3 | 9 | 4 | 43 | 27 | 70 |
| II | 3 | 42 | 34 | 76 | 1 | 5 | 9 | 14 | 4 | 47 | 43 | 90 |
| III | 3 | 39 | 31 | 70 | 1 | 8 | 6 | 14 | 4 | 47 | 37 | 84 |
| IV | 3 | 31 | 40 | 71 | 1 | 6 | 8 | 14 | 4 | 37 | 48 | 85 |
| V | 2 | 30 | 20 | 50 | 1 | 10 | 3 | 13 | 3 | 40 | 23 | 63 |
| **I-V** | **14** | **179** | **149** | **328** | **5** | **35** | **29** | **64** | **19** | **214** | **178** | **392** |
| VI | 4 | 46 | 40 | 86 | | | | | 4 | 46 | 40 | 86 |
| VII | 4 | 37 | 33 | 70 | | | | | 4 | 37 | 33 | 70 |
| VIII | 4 | 50 | 42 | 92 | | | | | 4 | 50 | 42 | 92 |
| IX | 4 | 44 | 25 | 69 | | | | | 4 | 44 | 25 | 69 |
| **VI-IX** | **16** | **177** | **140** | **317** | | | | | **16** | **177** | **140** | **317** |
| **I-IX** | **30** | **356** | **289** | **645** | **5** | **35** | **29** | **64** | **35** | **391** | **318** | **709** |

| Број на ученици по паралелки | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Парал.** | | **М** | **Ж** | **Вкупно** | **Парал.** | **М** | **Ж** | **Вкупно** |
| I-1 | | 7 | 7 | 14 | VI-1 | 10 | 9 | 19 |
| I-2 | Целод.наст. | 14 | 6 | 20 | VI-2 | 19 | 11 | 30 |
| I-3 | Целод.наст. | 16 | 11 | 27 | VI-3 | 12 | 10 | 22 |
| I-4 | Подрачно училиште | 6 | 3 | 9 | VI-4 | 5 | 10 | 15 |
| **I** | | **43** | **27** | **70** | **VI** | **46** | **40** | **86** |
| II-1 | Целод.наст. | 14 | 12 | 26 | VII-1 | 9 | 4 | 13 |
| II-2 | Целод.наст. | 13 | 11 | 24 | VII-2 | 13 | 6 | 19 |
| II-3 | Целод.наст. | 15 | 11 | 26 | VII-3 | 12 | 9 | 21 |
| II-4 | Подрачно училиште | 5 | 9 | 14 | VII-4 | 3 | 14 | 17 |
| **II** | | **47** | **43** | **90** | **VII** | **37** | **33** | **70** |
| III-1 | | 8 | 8 | 16 | VIII-1 | 12 | 9 | 21 |
| III-2 | Целод.наст. | 16 | 11 | 27 | VIII-2 | 8 | 17 | 25 |
| III-3 | Целод.наст. | 15 | 12 | 27 | VIII-3 | 15 | 6 | 21 |
| III-4 | Подрачно училиште | 8 | 6 | 14 | VIII-4 | 15 | 10 | 25 |
| **III** | | **47** | **37** | **84** | **VIII** | **50** | **42** | **92** |
| IV-1 | | 8 | 12 | 20 | IX-1 | 14 | 5 | 19 |
| IV-2 | | 12 | 14 | 26 | IX-2 | 13 | 6 | 19 |
| IV-3 | | 11 | 14 | 25 | IX-3 | 10 | 6 | 16 |
| IV-4 | Подрачно училиште | 6 | 8 | 14 | IX-4 | 7 | 8 | 15 |
| **IV** | | **37** | **48** | **85** | **IX** | **44** | **25** | **69** |
| V-1 | | 15 | 9 | 24 | | | | |
| V-2 | | 15 | 11 | 26 | | | | |
| V-3 | Подрачно училиште | 10 | 3 | 13 | | | | |
| **V** | | **40** | **23** | **63** | | | | |
| **I-V** | | **214** | **178** | **392** | **VI-IX** | **177** | **140** | **317** |
| **I-IX** | | **391** | **318** | **709** | | | | |

## 1.2 Наставници и стручни соработници

Во текот на учебната 2021/2022 година во училиштето работеа 1 директор, 61 наставник и 3 стручни соработници - психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор. На 59 наставника - 27 одделенски наставници и 32 предметни наставници матично училиште им е ООУ „Круме Кепески". Двајца наставници од други училишта - по француски јазик и географија дополнуваа часови во нашето училиште.

| Преглед на воспитно-образовниот кадар | | | |
|---|---|---|---|
| | **ВСС** | **ВШС** | **Вкупно** |
| Одделенски наставници | 26 | 1 | 27 |
| Предметни наставници | 32 | 2 | 34 |
| Директор | 1 | | 1 |
| Психолог | 1 | | 1 |
| Педагог | 1 | | 1 |
| Специјален едукатор и рехабилитатор | 1 | | 1 |

## 2.Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната дејност

### *2.1. Годишна програма за работа на училиштето*

Пред почетокот на учебната година беше изготвена Годишната програма за работа на училиштето, која од Наставничкиот совет беше разгледана на 14.07.2021 година. Истата Училишниот одбор ја разгледа на 27.07.2021 година и со Одлука ја достави до Советот на Општина "Кисела Вода" со предлог за усвојување, а во законски предвидениот рок беше доставена и до Бирото за развој на образованието и до Државниот просветен инспекторат. Годишната програма за работа на училиштето беше изготвена според насоките дадени од Министерството за образование, а активностите планирани во неа произлегуваат од приоритетните цели од Развојната програма на училиштето.

### *2.2.Планирање и реализација на наставата*

Пред почетокот на учебната година сите наставници уредно и навреме ги предадоа своите планирања за настава, а во текот на учебната година редовно ги подготвуваа своите подготовки за час.

Во однос на наставата, во училиштето покрај задолжителната настава, согласно Наставниот план, се изведуваше и изборна настава по следните предмети:

| Изборен предмет | Одделение |
|---|---|
| Запознавање со религии | VI – 1 група |
| Класични култури на европската цивилизација | VI – 1 група |
| Етика на религии | VI – 2 групи |
| Вештини на живеење | VII - 3 групи; VIII - 1 група |
| Проекти од ликовна уметност | VIII - 3 групи |
| Нашата татковина | VII - 1 група; IX-2 групи |
| Истражување на родниот крај | IX-2 групи |
| Влашки јазик | 1 група |

Како дел од наставниот процес во училиштето се изведуваше дополнителна настава за оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал, а за оние ученици кои побрзо напредуваат во учењето – додатна настава.

Во континуитет со претходните учебни години особено внимание се посвети на начинот на планирање и изведување на наставниот процес и нивно подобрување, особено планирањата во прво и четврто одделение согласно Концепцијата за основно образование. Во текот на учебната година во училиштето се вршеше увид во планирањата и во начинот на изведување на настава, како и во начинот на водење на педагошката евиденција и документација, според претходно изготвена Програма за следење, вреднување и унапредување (евалуација) на образовната и воспитната работа, која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. По извршените увиди во наставата, следеа консултации со насоки за понатамошна работа.

## *2.3.Инклузивна култура, политика и практика во училиштето*

Училишниот тим за инклузија ги планираше и координираше сите инклузивни процеси во училиштето, а за учениците со посебни образовни потреби, односно за учениците со попреченост беа формирани Инклузивни тимови за секој ученик кои изготвија ИОП и ја реализираа наставата и оценувањето за учениците согласно изготвениот ИОП. При реализација на наставата се применуваше диференциран пристап.

Во текот на оваа учебна година спроведени се следните активности:

-Склучен е договор за соработка помеѓу Основно училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“-Скопје и Општинско основно училиште „Круме Кепески“ за обезбедување на поддршка при имплементирање на инклузивното образование и изготвен Акциски план за работа кој произлегува од меѓусебниот договор за соработка.

-Одржана е дисеминација на наставниот кадар на тема „Улога на образовните асистенти како поддршка на инклузивното образование“, на 06.09.2021 за наставници

од одделенска настава и 07.09.2021 за наставници од предметна настава, од страна на училишниот специјален едукатор и рехабилитатор.

-Реализиран е проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди”- организиран од Здружение на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби „СОЛЕМ“- Скопје, поддржан од Шведскиот институт, одобрен од МОН и БРО.

-Реализирана е соработка со фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ во рамките на проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ - учество на обука на дел од членовите на училишниот инклузивен тим, со цел подобрување на капацитетите на УИТ за поефективно инклудирање на учениците со попреченост во редовниот наставен процес.

-Специјалниот едукатор и рехабилитатор спроведе две работилници кои произлегоа од моменталните потреби на учениците :

-„Развој на фина моторика“, одржана на 22.10.2021 во I-2 одд;

-„Латерализација и координација на телото во целина“, одржана на 29.11.2021 во III-4 одделение.

-Реализирани се работилници на тема "Употреба на инклузивен јазик" по повод "Меѓународниот ден на лицата со попреченост" во соработка со МОН, со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ со сите ученици од четврто до деветто одделение.

-Одбележан е Светскиот ден на лицата со Даунов синдром преку проектна активност по ликовно образование, на 21.03.2022, наставници-Весна Настоска и Ирена Костадинова со учениците од III-3 одд.

-Во соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“, по повод одбележување на Неделата за прифаќање и подигнување на свесноста за Аутизам, во период од 28.03.-31.03.2022 год, под мотото „Среќно патувам низ животот“ беа проследени и реализирани низа активности:

-Вклучување на онлајн презентација за ученици „2-ри Април Светски ден на свесноста за аутизам“, 28.03.2022;

-Онлајн работилница „Венец на среќата“, на 29.03.2022, на која земаа учество повеќе паралелки од одделенска и предметна настава;

-Онлајн работилница „Порака во Сложувалка“, на 30.03.2022, на која исто така земаа учество повеќе паралелки од одделенска и предметна настава;

Покрај истакнување на изработките од учениците во училниците и училишниот хол, беа создадени и видеа со творби од ученици од страна на наставниците Гордана Икономовска, Билјана Јовчева и специјалниот едукатор и рехабилитатор Лидија Петровска и истите беа објавени на веб страницата на училиштето, на социјалните мрежи на Македонското научно здружение за аутизам како и Здружението за унапредување на квалитетот на животот на лицата со аутистичен спектар на нарушување „Сина светулка“-Скопје, 31.03.2022.

Покрај активностите во соработка со ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“, училиштето преку креативна работилница под мотото „Секој е посебен дел од нашата сложувалка“, под менторство на наставниците Горица Стојанова, Марија Д. Ристовска и специјалниот едукатор Лидија Петровска со ученици од IV одделение, го одбележа 2-ри Април, Светскиот ден на свесноста за аутизам, на 31.03.2022.

## 3.Редовност, поведение и успех на учениците во учебната 2021/2022 година

### 3.1.Редовност и поведение на учениците

Од податоците добиени на одделенските совети констатирано е дека вкупниот број на изостаноци изнесува 27550, од кои 27464 оправдани и 86 неоправдани.

| Преглед на бројот на изостаноци | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изостаноци** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **I-V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **VI-IX** | **Вк.** |
| Оправдани | 4372 | 4716 | 3308 | 3001 | 2496 | **117893** | 2698 | 1064 | 3610 | 2199 | **9571** | **27464** |
| Неоправдани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 1 | 77 | 86 | 86 |
| Вкупно | 4372 | 4716 | 3308 | 3001 | 2496 | **117893** | 2706 | 1064 | 3611 | 2276 | **9657** | **27550** |

Просечниот број на изостаноци по ученик изнесува 38,8 изостаноци, од кои 38,7 оправдани изостаноци и 0,1 неоправдани изостаноци по ученик. Сите оправдани изостаноци се должат на отсуства поради здравствени причини и подолги отсуства поради хоспитализирање или потешки повреди. Сите изостаноци се оправдувани врз основа на лекарска белешка или информации добиени од родителите. Неоправданите изостаноци се должат на задоцнување на учениците на првиот час.

По првото полугодие од оваа учебна година 2 ученици од исто семејство – Михаил Ицовски– V-1 одделение и Миа Ицовска – VIII-3 одделение отсуствуваа од настава поради преселување во странство, а до училиштето е доставена комплетна документација за нивно продолжување на образованието во второто полугодие. Дел од изостаноците се должат на отуствата на овие ученици.

Во однос на поведението во оваа учебна година сите ученици имаа примерно поведение. Поради недолично однесување во текот на учебната година изречени се педагошки мерки на следните ученици:

-Филип Илиевски – 6-2 - усна и писмена опомена од одделенски раководител

-Никола Петрески – 6-1- усна и писмена опомена од одделенски раководител

-Матеј Најдоски – 6-1 - усна и писмена опомена од одделенски раководител

-Љупчо Трпковски – 6-1- усна и писмена опомена од одделенски раководител

-Магдалена Ивановска -6-1 - усна и писмена опомена од одделенски раководител

-Стефан Петревски – 8-4 – усна и писмена опомена од одделенски раководител

-Петар Митревски – 9-3 – усна опомена од одделенски раководител

-Борјан Трпковски – 9-3 – укор

-Андреј Трпковски – 9-3 – укор

## 3.2.Успех на учениците

Според податоците добиени од одделенските совети и статистичките прегледи приложени во овој извештај, средниот успех на учениците за оваа учебна година изнесува 4,70 и е за 0,03 повисок од претходната учебна година кога изнесуваше 4,67.

По одделенија постигнат е следниот среден успех:

| ПРЕГЛЕД НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2021/22 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | Вкупно ученици | | одлични | | Мн. добри | | Добри | | довол ни | | СЕ ПОЗИТИВНИ ОЦЕНЕТИ | | Со 1 слаб а | | Со 2 слаби | | Не преми нал | | неоц енети | СРЕДЕН УСПЕХ | |
| | се | ж | Бр | % | бр | % | бр | % | б р | % | Бр | % | б р | % | бр | % | бр | % | бр | описн о | просе к |
| I | 70 | 27 | / | / | / | / | / | / | / | / | 70 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | 70 | / |
| II | 90 | 43 | / | / | / | / | / | / | / | / | 90 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | 90 | / |
| III | 84 | 37 | / | / | / | / | / | / | / | / | 84 | 100 | / | / | / | / | | | / | 84 | / |
| **I-III** | **244** | **107** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **244** | **100** | **/** | **/** | **/** | **/** | | | **/** | **244** | **/** |
| IV | 85 | 48 | 69 | 81,2 | 16 | 18,8 | / | / | / | / | 85 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,81 |
| V | 63 | 23 | 47 | 74,6 | 15 | 23,8 | 1 | 1,59 | / | / | 63 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,73 |
| **IV-V** | **148** | **71** | **116** | **78,4** | **31** | **20,9** | **1** | **0,68** | **/** | **/** | **148** | **100** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,78** |
| VI | 86 | 40 | 63 | 73,3 | 23 | 26,7 | / | / | / | / | 86 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,73 |
| VII | 70 | 33 | 53 | 75,7 | 17 | 24,3 | / | / | / | / | 70 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,76 |
| VIII | 92 | 42 | 57 | 62 | 31 | 33,7 | 4 | 4,43 | / | / | 92 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,58 |
| IX | 69 | 25 | 42 | 60,9 | 27 | 39,1 | / | / | / | / | 69 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,61 |
| **VI-IX** | **317** | **140** | **215** | **67,8** | **98** | **30,9** | **4** | **1,26** | **/** | **/** | **317** | **100** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,67** |
| **IV-IX** | **465** | **211** | **331** | **71,2** | **129** | **27,7** | **5** | **1,08** | **/** | **/** | **465** | **100** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4,70** |
| **I-IX** | **709** | **318** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Успех на учениците по предмети

| IV одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 85 | 54 | 23 | 8 | | | 4,54 |
| Англиски јазик | 85 | 67 | 16 | 2 | | | 4,76 |
| Ликовно образование | 85 | 83 | 2 | | | | 4,98 |
| Музичко образование | 85 | 83 | 2 | | | | 4,98 |
| Математика | 85 | 54 | 20 | 11 | | | 4,51 |
| Природни науки | 85 | 58 | 21 | 6 | | | 4,61 |
| Историја и општество | 85 | 59 | 21 | 5 | | | 4,64 |
| Техничко образование и информатика | 85 | 81 | 4 | | | | 4,95 |
| Физичко образование | 85 | 85 | | | | | 5,00 |
| Изборен предмет | | | | | | | |

| V одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 63 | 36 | 15 | 9 | 3 | | 4,33 |
| Англиски јазик | 63 | 46 | 9 | 8 | | | 4,60 |
| Ликовно образование | 63 | 60 | 3 | | | | 4,95 |
| Музичко образование | 63 | 57 | 6 | | | | 4,90 |
| Математика | 63 | 42 | 10 | 8 | 3 | | 4,44 |
| Природни науки | 63 | 39 | 18 | 6 | | | 4,52 |
| Општество | 63 | 44 | 12 | 5 | 2 | | 4,56 |
| Техничко образование | 63 | 60 | 0 | 3 | | | 4,90 |
| Работа со компјутери | 63 | 59 | 4 | | | | 4,94 |
| Физичко образование | 63 | 63 | | | | | 5,00 |

| VI одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 86 | 60 | 9 | 17 | | | 4,50 |
| Англиски јазик | 86 | 65 | 8 | 11 | 2 | | 4,58 |
| Француски јазик | 86 | 49 | 16 | 18 | 3 | | 4,29 |
| Ликовно образование | 86 | 86 | | | | | 5,00 |
| Музичко образование | 86 | 86 | | | | | 5,00 |
| Математика | 86 | 53 | 16 | 17 | | | 4,42 |
| Природни науки | 86 | 49 | 17 | 19 | 1 | | 4,33 |
| Географија | 86 | 56 | 17 | 11 | 2 | | 4,48 |
| Историја | 86 | 57 | 14 | 15 | | | 4,49 |
| Запознавање со религии | 41 | 35 | 6 | | | | 4,85 |
| Класични култури на европската цивилизација | 15 | 13 | 2 | | | | 4,87 |
| Етика на религии | 30 | 23 | 4 | 3 | | | 4,67 |
| Информатика | 86 | 66 | 20 | | | | 4,77 |
| Техничко образование | 86 | 77 | 8 | 1 | | | 4,88 |
| Физичко образование | 86 | 86 | | | | | 5,00 |

| VII одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 70 | 39 | 20 | 11 | | 0 | 4,40 |
| Англиски јазик | 70 | 47 | 11 | 12 | | 0 | 4,50 |
| Француски јазик | 70 | 46 | 18 | 6 | | 0 | 4,57 |
| Ликовно образование | 70 | 70 | | | | 0 | 5,00 |
| Музичко образование | 70 | 70 | | | | 0 | 5,00 |
| Математика | 70 | 41 | 10 | 15 | 4 | 0 | 4,26 |
| Биологија | 70 | 48 | 11 | 11 | | 0 | 4,53 |
| Географија | 70 | 47 | 17 | 6 | | 0 | 4,59 |
| Историја | 70 | 50 | 11 | 9 | | 0 | 4,59 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Етика | 70 | 65 | 2 | 3 | | 0 | 4,89 |
| Нашата татковина | 21 | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Вештини на живеење | 49 | 49 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Информатика | 70 | 63 | 7 | | 0 | 0 | 4,90 |
| Физичко образование | 70 | 70 | | | 0 | 0 | 5,00 |

| VIII одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 92 | 56 | 24 | 10 | 2 | 0 | 4,46 |
| Англиски јазик | 92 | 56 | 11 | 22 | 3 | 0 | 4,30 |
| Француски јазик | 91 | 44 | 17 | 27 | 3 | 0 | 4,12 |
| Ликовно образование | 92 | 92 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Музичко образование | 92 | 92 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Математика | 92 | 44 | 11 | 23 | 14 | 0 | 3,92 |
| Физика | 92 | 50 | 11 | 24 | 7 | 0 | 4,13 |
| Хемија | 92 | 48 | 11 | 23 | 10 | 0 | 4,05 |
| Биологија | 92 | 64 | 18 | 10 | 0 | 0 | 4,59 |
| Географија | 92 | 51 | 14 | 25 | 2 | 0 | 4,24 |
| Историја | 92 | 56 | 15 | 19 | 2 | 0 | 4,36 |
| Граѓанско образование | 92 | 51 | 14 | 25 | 2 | 0 | 4,24 |
| Вештини на живеење | 25 | 25 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Проекти од ликовно обр. | 66 | 66 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Физичко образование | 92 | 92 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |

| IX одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 69 | 33 | 19 | 17 | 0 | 0 | 4,23 |
| Англиски јазик | 69 | 41 | 8 | 20 | 0 | 0 | 4,30 |
| Француски јазик | 68 | 31 | 12 | 25 | 0 | 0 | 4,09 |
| Ликовно образование | 69 | 69 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Музичко образование | 69 | 69 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Математика | 69 | 36 | 15 | 18 | 0 | 0 | 4,26 |
| Физика | 69 | 39 | 13 | 17 | 0 | 0 | 4,32 |
| Хемија | 69 | 38 | 10 | 21 | 0 | 0 | 4,25 |
| Биологија | 69 | 41 | 18 | 10 | 0 | 0 | 4,45 |
| Географија | 69 | 37 | 10 | 22 | 0 | 0 | 4,22 |
| Историја | 69 | 41 | 7 | 21 | 0 | 0 | 4,29 |
| Граѓанско образование | 69 | 40 | 7 | 22 | 0 | 0 | 4,26 |
| Иновации | 69 | 37 | 10 | 22 | 0 | 0 | 4,22 |
| Истражување на родниот крај | 38 | 38 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Нашата татковина | 31 | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Физичко образование | 69 | 51 | 18 | 0 | 0 | 0 | 4,74 |

Учениците од прво до трето одделение се оценети описно и нивниот успех не влегува во статистичкиот приказ. На крајот на учебната година немаше ученици оценети со слаби оцени по ниту еден наставен предмет.

## 3.3. Пофалени и наградени ученици

На одделенските совети кои се одржаа на крајот од оваа учебна година одделенските раководители предложија за пофалба ученици кои особено се истакнуваа со својот успех и севкупните постигнувања.

| Преглед на пофалени ученици | | | |
|---|---|---|---|
| **Паралелка** | **Ученици** | **Паралелка** | **Ученици** |
| I-1 | Јана Димитриовска | VI-1 | Кристијан Јанаќијовски |
| I-1 | Ана Ивановска | VI-1 | Михаил Мицевски |
| I-1 | Матеј Цветановски | VI-2 | Христијан Чачевски |
| I-2 | Благоја Петревски | VI-2 | Марко Штерјов |
| I-2 | Лена Манчевска | VI-2 | Јована Ефтовска |
| II-1 | Теодор Јерничев | VI-2 | Филип Ѓорѓиоски |
| II-1 | Дамјан Николовски | VI-2 | Ива Стојановска |
| III-1 | Сања Стојановска | VI-2 | Горазд Здравески |
| III-1 | Димитар Наумовски | VI-2 | Миа Пиштолов |
| III-1 | Јана Дивјакоска | VI-2 | Николина Томиќ |
| III-1 | Ана Наумовска | VI-2 | Теодосија Томиќ |
| III-1 | Василиса Радева | VI-3 | Кристијан Темов |
| III-2 | Јана Попоска | VI-3 | Јана Велковска |
| III-2 | Христијан Георгиевски | VI-3 | Марија Гроздановска |
| III-2 | Лара Тасевска | VI-4 | Јана Ангеловска |
| III-2 | Марија Илиевска | VII-2 | Јоана Поповска |
| III-3 | Даријан Демовиќ | VII-2 | Петар Петревски |
| III-3 | Искра Ефремова | VII-2 | Александра Пупкова |
| III-3 | Наум Гроздановски | VII-2 | Тео Лешкоски |
| III-3 | Мила Ацковска | VII-2 | Огнен Велјановски |
| IV-1 | Нина Алексовска | VII-2 | Дамјан Бинчевски |
| IV-1 | Бисера Ристовска | VII-2 | Давид Бинчевски |
| IV-1 | Тамара Ристовска | VII-2 | Стефан Адамчевски |
| IV-1 | Лука Миновски | VII-3 | Марија Дивјакоска |
| IV-2 | Бисера Павлова | VII-3 | Александар Анѓеловски |
| IV-2 | Анастасија Сарбакова | VII-3 | Ема Алексовска |
| IV-2 | Илина Милоевиќ | VII-3 | Сара Ристовска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| IV-3 | Калина Саздовска | VII-3 | Ива Живковска |
| IV-3 | Михаела Огненовска | VII-3 | Марија Ѓорѓевиќ |
| IV-3 | Дамјан Ацковски | VII-4 | Тамара Мирческа |
| IV-4 | Ирина Стојановска | VII-4 | Михаела Ѓоревска |
| IV-4 | Матеј Цветковски | VII-4 | Анастасија Алексовска |
| IV-4 | Деспина Стојчевска | VII-4 | Михаил Анѓелевски |
| V-1 | Виктор Чадиноски | VIII-1 | Трајче Костов |
| V-1 | Теона Велјановска | VIII-1 | Бисера Синадиноска |
| V-1 | Виктор Јанкуловски | VIII-1 | Ангела Блажевска |
| V-1 | Анастасија Смилковска | VIII-1 | Никола Цветаноски |
| V-2 | Филип Ивановски | VIII-1 | Владимир Синадиноски |
| V-2 | Никола Николовски | VIII-2 | Анастасија Аракси Саркисиан |
| V-2 | Алексеј Игнатов | VIII-2 | Снежана Кушоска |
| V-2 | Христина Цветановска | VIII-2 | Матеја Павлоска |
| V-2 | Бобо Николовски | VIII-2 | Лео Миновски |
| V-3 | Теодора Узунова | VIII-2 | Ања Георгиевска |
| V-3 | Мартин Иваноски | VIII-3 | Григориј Ѓорѓевиќ |
| | | VIII-3 | Стефан Мелник |
| | | IX-1 | Андреј Јанковски |
| | | IX-1 | Јована Слафко |
| | | IX-1 | Никола Китановски |
| | | IX-2 | Михаела Најдовска |
| | | IX-3 | Дамјан Колевски |
| | | IX-4 | Викторија Магларовска |

Во текот на учебната година беа реализирани советувања за седум родители и советувања за учениците (за нередовно посетување настава и за несоодветно однесување). Реализирани се и индивидуални советувања од страна на психологот на училиштето кои се однесуваа на зајакнување на капацитетите на родителите и учениците и поддршка во однос на емоционалните и семејните состојби, особено во услови на пандемија, а во насока на зачувување на менталното здравје на учениците.

**На јавен конкурс објавен во училиштето** според утврдени критериуми од Наставничкиот совет наградени се следните ученици:

- Андреј Јанковски -IX-1- ученик на паралелка и првенец на генерација.

- Михаела Најдовска – IX-2 - ученик на паралелка

- Дамјан Колевски - IX-3-ученик на паралелка

- Викторија Магларовска - IX-4-ученик на паралелка

Во организација на Општина „Кисела Вода“ 17 ученици од ООУ „Круме Кепески“ беа наградени како таленти од различни области и тоа:

**Од областа на образованието, науката и уметноста:**

1.Матеа Павлоска – 8 -2 одделение.

**Од областа на спортот:**

1. Јана Саздовска - 1-3 одделение.
2.Дориан Блажевски - 3-2 одделение.

**Спортисти учесници во олимписки спортови**

1. Јована Ефтовска - 6-2 одделение.
2. Александар Поповски - 6-2 одделение.
3. Михаил Алексовски - 6-2 одделение.
4. Никола Велковски - 6-2 одделение.
5. Ива Живковска - 7-3 одделение.
6. Ведран Димишковски - 6-2 одделение.
7. Јован Павлоски - 8-2 одделение.
8. Петар Крчаноски - 7-2 одделение.
9. Матеј Ивановски - 7-3 одделение.
10. Андреј Темов - 4-3 одделение.
11. Теодора Павлоска - 7-2 одделение.
12. Виктор Чадиновски - 5-1 одделение.
13. Божидар Георгиевски - 7-3 одделение.
14. Андреј Илијевски - 7-2 одделение.

# 4.Организација и реализација на воннаставната воспитно-образовна работа

## *4.1.Секции, еднократни работилници, јавна и културна дејност и натпревари*

### *4.1.1 Работа на секциите*

| Секција | Активност | Време на реализација | Ученици | Наставник |
|---|---|---|---|---|
| Драмска и литературна секција | Месец на книгата-читање литературни творби по повод месец на книгата | 15.10.2021 | 6-9 одд. | Билјана Дивјакоска, Валентина Стаматовска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Драмска и литературна секција | Светски ден на детето –читање прозни и поетски творби по повод светскиот ден на детето | 23.11.2021 | 6-9 одд. | Билјана Дивјакоска, Валентина Стаматовска |
| Драмска и литературна секција | Новогодишна изведба на драмски текст од драмска секција со новогодишна тематика | 27.12.2021 | 6-9 одд. | Билјана Дивјакоска, Валентина Стаматовска |
| Литературна секција и секција по англиски јазик | Читање литературни творби по повод Осми март | 08.03.2022 | 6-9 одд. | Валентина Стаматовска Марија Ристевска |
| Драмска секција | Драмска изведба на драмска секција „ Нема машки и женски професии“ | 08.03.2022 | | Билјана Дивјакоска |
| Литературна секција | Првоаприлско дефиле – подготовка на сценарио и на водители | 1.4.2022 | 8 одд. | Татјана Пеливанова |
| Драмска и литературна секција, секција по француски јазик и секција по англиски јазик | 13 Ноември-литературно читање во соработка со училишната библиотека | 15.11.2021 | 6-9 одд. | Билјана Дивјакоска, Валентина Стаматовска Татјана Пеливанова, Билјана Ѓоргоска, Марија Ристевска |
| Драмска и литературна секција, секција по француски јазик и секција по англиски јазик | Читање на поетски творби за патрониот празник на училиштето | 08.04.2022 | 6-9 одд. | Татјана Пеливанова, Билјана Дивјакоска, Валентина Стаматовска ,Билјана Ѓоргоска, Марија Ристевска |
| Секција по француски јазик и секција по англиски јазик | Читање мисли за книгата по повод месецот на книгата | 29.10.2021 | 6,7 и 8 одд. | Билјана Ѓоргоска, Марија Ристевска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Секција по француски јазик | Одбележување на празникот „Божиќ“ во соработка со Францускиот институт | 3.12.2021 | 6-9 одд. | Билјана Ѓоргоска |
| Секција по француски јазик и секција по англиски јазик | Читање новогодишни песни | 27.12.2021 | 6-9 одд. | Билјана Ѓоргоска, Марија Ристевска |
| Секција по француски јазик | Одбележување на празникот „Божиќ“ во соработка со Францускиот институт | 3.12.2021 | 6-9 одд. | Билјана Ѓоргоска |
| Географска секција | Посета на локалитет “Марково крувче” – Средно Водно | 16.10.2021 | 6-9 одд. | Кице Гелмановски |
| Географска секција | Набљудување на растителен и животински свет на Водно | 30.10.2021 | 6-9 одд. | Кице Гелмановски |
| Географска секција | Набљудување стари населби на Водно | 13.11.2021 | 6-9 одд. | Кице Гелмановски |
| Историска секција | Посета на Старата скопска чаршија како дел од темата Развој на граѓанството на Балканот и Македонија | 23.12.2021 | 6-9 одд. | Слободан Трајковски |
| Дебатен клуб | Дебата на тема „Овој дом верува дека законот за забрана на употреба на кеси е избрзан“ | | 6-9 одд. | Радмила Чипан |
| Еколошка секција | Одбележување на 29.декември-меѓународен ден на биодиверзитетот-истражување | 29.12.2021 | 7-9 одд. | Сузана Бундалевска |
| Еколошка секција, секција за природни науки | Одбележување на 21.март- Ден на пролетта-Ден на екологија- Еколошка акција | 21.03.2022 | 5-9 одд | Сузана Бундалевска Фросина Ѓорѓиевска |
| Еколошка секција, секција за природни | Одбележување на 5.јуни –светски ден на екологија- Еко активности | 5.06.2022 | 5-9 одд | Сузана Бундалевска Фросина Ѓорѓиевска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| науки | (презентации,еко пораки, еко изработки) | | | |
| Секција за природни науки | Одбележување на Ѓурѓовден - Ден на општина Кисела Вода со садење на растенија на памук. | 03.05.2022 | 5 одд. | Фросина Ѓорѓиевска |
| Спортска секција | Посета на кошаркарски натпревар | 19.11.2021 | 6-9 одд. | Игор Зафировски, Александар Милојевиќ |
| Спортска секција | Учество на одбојкарски турнир по повод 100 год од раѓањето на Блаже Конески-Патронат на училиштето | 16.12.2021 | 6-9 одд. | Игор Зафировски, Александар Милојевиќ |
| Музичка секција | Едукативен концерт на клавинова со наратор под наслов „Скопје гради музика" -Музичка младина на Македонија | 20.09.2021 во училишниот двор | 8 одд. | Гордана Арсовска |

### *4.1.2. Еднократни работилници - интерни проектни активности*

Во континуитет со претходната учебна година во училиштето се реализираа ***интерни проектни активности***, односно ***еднократни работилници***. Во текот на учебната година спроведени се следните активности:

| **Активност** | **Одд.** | **Наставник** |
|---|---|---|
| ЕКО-Есенска екологија | I-2 | Петранка Ристевска, Зорица С.Глигорова, Сузана Ангеловска, Соња Спасовска, Антоанела Анѓеловска |
| Есенска работилница | I, II, III | Марина К.Ангелова, Маја Саздовска, Билјана Тодоровска, Горица Стојанова, Сузана Ангеловска, Соња Спасовска,Ирена Павлоска, Светлана Карафиљкова, Даниела Велковска |
| Како да ја подобриме хигиената во нашата училница | I,II | Марина К.Ангелова, Маја Саздовска, Горица Стојанова, Сузана Ангеловска, Соња |

| | | |
|---|---|---|
| | | Спасовска, Ирена Павлоска, Даниела Велковска |
| Изработка на Новогодишни честитки и украси | I- V одд. | одделенски наставници |
| „Од дете за дете” – меѓуодделенска соработка | I- V одд. | одделенски наставници |
| Еднократна работилница – Мојата учителка | III-2 | Верка Мијајлевска, Андријана Анчевска |
| Изработка на еко пароли и нивно распоредување во училишниот двор. | III-2 | Верка Мијајлевска, Андријана Анчевска |
| Истражување,, Како водата минува низ растението,, активност на часовите по природни науки на тема Растенија што цветаат. | III | Андријана Анчевска, Светлана Карафиљкова |
| Истражување –„Сонцето –извор на живот за растенијата“ активност на часовите по природни науки на тема Растенија што цветаат. | III-2 | Верка Мијајлевска |
| Истражувачка активност за делото на Св.Климент Охридски | III-2,3 | Верка Мијајлевска, Ирена Костадинова, Весна Настовска |
| Проектна активност "Нашата татковина Р.С.Македонија" | V | Наташа Нумановиќ, Соња Евгениевска, Драгица Иванова |
| Одбележување на Денот на вештерките – Halloween | ученици од VII-2, 3, 4 | Нарциса Блажевска |
| Изработка новогодишни честитки | ученици од VII-2, 3, 4 | Нарциса Блажевска |
| Изработка на проекти-Ензими и нивна употреба | IX | Славица Велкова |
| Микроорганизми и болести - претставување, презентирање на заразни болести,заштита | VII | Сузана Бундалевска |
| Хранливи материи и здрава исхрана | VIII | Сузана Бундалевска |
| Сексуално преносливи болести-инфекции(СПИ) -1.декември-светски ден на борба против сидата | IX | Сузана Бундалевска |
| Браќата Миладиновци - Пауер поинт-презентација | VIII | Татјана Пеливанова |
| Крсте Петков Мисирков – Пауер поинт-презентација | IX | Татјана Пеливанова |
| Современ начин на ученичка партиципација „Размислувај гласно“ | VI-IX | Радмила Чипан |
| Квиз на тема „Првите религиозни верувања“ | VI | Радмила Чипан |
| Имплементација на етичките вредности изразени преку уредување на „ Етичко катче“ | VII | Радмила Чипан |
| Изработка на леб, изработен со габи | VII | Фросина Ѓорѓиевска |
| Изработка на јогурт, изработени со млечни бактерии | VII | Фросина Ѓорѓиевска |
| Изработка на презентации за болести на | VI | Фросина Ѓорѓиевска |

| | | |
|---|---|---|
| внатрешни органи | | |
| Изработка на презентации на болести предизвикани од микроорганизми | VII | Фросина Ѓорѓиевска |
| Изработка на модел на сончев систем | VII | Фросина Ѓорѓиевска |
| Правила на однесување | I-1, III-3 | Антоанела Ангелевска, Ирена Костадинова, Весна Настовска |
| Вода услов за живот | III-3 | Ирена Костадинова, Весна Настовска |
| „Шеќерна приказна“- изработка на проект преку обработка на книгата | III-3 | Ирена Костадинова, Весна Настовска |
| Справување со булинг - запознавање со поимот и изработка на проект за булинг | III-3 | Ирена Костадинова, Весна Настовска |
| Еднократна работилница по повод 10 Декември Светски ден на правата на човекот и на правата на децата | III-3 | Ирена Костадинова, Весна Настовска |
| Креативна работилница ,,Си играме со броевите,, (Парни и непарни броеви,,) | I-3 | Сузана Ангелова, Соња Спасовска |
| Креативна работилница ,,Растенијата се жива природа,, | I-3 | Сузана Ангелова, Соња Спасовска |
| Проектна активност “Здравје и среќа” | II-1, II-2, II-3 | Марина К.Ангелова, Елена Таневска, Ирена Павлоска, Горица Стојанова |
| Изработка на видео презентација и електронска книга од тандемска работа на наставниците со ученички изработки од второ 4 и трето 4 одделение | II-4, III-4 | Гордана Икономовска, Билјана Јовчева |
| Работилница-Рецитирање и илустрација на стихотворби од делото „Весела азбука“ од Видое Подгорец, како дел од литературна манифестација „Средби под јаворите- Видое Подгорец“ | II-4, III-4 | Гордана Икономовска, Билјана Јовчева |
| Работилница- Изработка на честитки по повод 8Март-Денот на жената | III-1 | Светлана Карафиљкова, Верка Мијајлевска, |
| Работилница- Изработка на маски по повод 1Април- Денот на шегата | III-1 | Светлана Карафиљкова |
| Еднократна работилница - Евакуација во услови на природни катастрофи | III-3 | Весна Настоска, Ирена Костадинова |
| Еднократна работилница – Мојот мајчин јазик | III-3 | Весна Настоска, Ирена Костадинова |
| Еднократна работилница за Денот на крводарителството 17 Март | III-3 | Весна Настоска, Ирена Костадинова |
| Еднократна работилница по повод Денот на пролетта | III-3 | Весна Настоска, Ирена Костадинова |
| Еднократна работилница за изработка на маска | III-3 | Весна Настоска, Ирена Костадинова |
| Еднократна работилница – Истражување за Светите Кирил и Методиј | III-3 | Весна Настоска, Ирена Костадинова |

| | | |
|---|---|---|
| Еднократна работилница – Иконографија (уредување на училишниот ентериер) | III-3 | Весна Настоска, Ирена Костадинова |
| Еднократна работилница – Изработка на паноа за видови сообраќај | III-3 | Весна Настоска, Ирена Костадинова |
| Еднократна работилница – Верски празници (МИМО) | III-3 | Весна Настоска, Ирена Костадинова |
| Проектна активност - Скопје некогаш и денес | IV-4 | Лиле Јованчева |
| Проектна активност - „Во Европската Унија е нашата иднина“ | V-1 | Соња Евгениевска |
| Проектна активност - „Да се справиме со недостатокот на вода за пиење на планетата земја“ | V-1 | Соња Евгениевска |
| Проектна активност „Младите –креатори на нашата иднина-милион соништа“ | VIII, IX | Татјана Пеливанова |
| „Од нас за нас“ – изработка на боенки, сложувалки и спојувалки во графичка апликација | VI, VII | Наташа Јаковческа |
| Проектна активност Природни науки -Екологија | VI | Славица В. Тимова |
| Проектна активност Природни науки -Пролет | VI | Славица В. Тимова |
| Проектна активност Хемија –Возила на иднината | VIII | Славица В. Тимова |
| Проектна активност -Животна средина и заштита-презентации | VII | Сузана Бундалевска |
| Проектна активност - Чарлс Дарвин(животот и делото на Дарвин)-истражување,презентации | IX | Сузана Бундалевска |
| Проектна активност -Фосилни горива, обновливи и необновливи извори на енергија | VII | Фросина Ѓорѓиевска |
| Проектна активност – Национални паркови | | Фросина Ѓорѓиевска |
| Проектна активност - Сила на отпорот на воздухот | VI | Фросина Ѓорѓиевска |
| Проектна активност - Сила на отпор на водата | VI | Фросина Ѓорѓиевска |
| Проектна активност –Намали,повторно употреби, рециклирај | VI | Фросина Ѓорѓиевска |
| Проектна активност –Истражување на фотосинтеза | VII | Фросина Ѓорѓиевска |
| Македонската револуционерна организација од нејзиното формирање до Илинденското востание. Изработки на Хамер и презентации во Пауер Поинт. | VIII | Дончо Лозановски |

### *4.1.3. Проекти*

**1.Проект „Децата не се раѓаат со предрасуди**"- организиран од Здружение на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби „СОЛЕМ"- Скопје, поддржан од Шведскиот институт, одобрен од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието - 27.09.- 9.12.2021.Координатор за училиштето: Лидија Петровска.

**Цел на проектот:**

- Да се прифатат различностите на еднаква основа за сите и подигање на свеста помеѓу учениците за учениците со попреченост, со интенција да се сменат стереотипите и предрасудите во однос на овие деца и афирмација на вредноста на еднаков третман.

Примарна целна група се учениците помеѓу 10 и 12 годишна возраст кои во училницата делат најразлични проблеми и се соочуваат со дискриминација, булинг и друго.

Проектот се реализираше низ 8 чекори (работилници) во рамките на првото полугодие и тоа:

- Работилница 1 – Проекција на филмот "Колку брусници има во светот?";
- Работилница 2 - Научете повеќе за актерите во филмот;
- Работилница 3 - Дискусија за прашања кои се однесуваат на проектот;
- Работилница 4 - Писмена задача на тема "Кога јас би одлучувал само еден ден";
- Работилница 5 - Одделенска конвенција составена од десет точки;
- Работилница 6 - "Направи добро дело";
- Работилница 7 –Zoom средба со возрасни лица со интелектуална попреченост (Ива, Александар и Марио), самозастапници на Здружение на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби „СОЛЕМ"- Скопје;
- Работилница 8 - "Школски ден";
- По повод 3-ти декември-Меѓународен ден на лицата со посебни потреби, средба со координаторот на проектот за Северна Македонија, Наташа Димитровска, доделени благодарници за учество во проектот, подароци рачно изработени од лица со интелектуална попреченост, самозастапници на Здружение на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби „СОЛЕМ"- Скопје и брошури изработени по стандардите за пишување на лесно разбирливи материјали на Inclusion Europe.

**2.Проект: „Наставници за едукација, демократија и човекови права"** во организација и реализација на LEAD (Лидери за едукација, активизам и развој) одобрен од БРО И МОН. Координатор за училиштето:Нарциса Блажевска.

**Цели на проектот:**

- Запознавање со терминот контроверзни теми и нивна примена во наставата;
- Запознавање и примена на Прирачникот за предавање контроверзни теми;
- Оспособување на наставникот со компетенциите и вештините потребни за предавање контроверзни теми во училница;
- Запознавање и примена на видови техники на предавање контроверзни теми во училница

Нашето училиште беше вклучено во сите фази од проектот:

- Наставничката Нарциса Блажевска учествуваше во 3-дневна обука (18.5.2021, 26.5.2021, 24.6.2021);
- На 20.8.2021 спроведе дисеминација на наставниците од предметна настава на тема: „Предавање на контроверзни теми во училница";
- Во училишната библиотека се доставени и заведени неколку Прирачници за предавање контроверзни теми;

- На 1.10.2021 наставничката Нарциса Блажевска реализираше отворен иновативен час со ученици од IX-1 одд. на контроверзна тема: „Дали сте ЗА или ПРОТИВ воведување дигитални учебници во наставата?“;
- Наставничката Нарциса Блажевска заедно со 4 ученика од IX-1 одд. учествуваа во креирање и изработка на промоциско видео, што може да се погледне на следниов линк: https://www.youtube.com/watch?v=BdsB8V9beys&t=1s
- На веб-страницата на училиштето може да се види дел од активностите на учениците за време на часот, како и нивното мислење во однос на поимот контроверзна тема;
- На 4.11.2021 имаше конференција на која се промовираше видеото како и продуктите од реализираните активности за време на проектот, со што официјално истиот заврши.

**3.Проект „Прославување на Божиќ“ (Celebration de Noel)** беше организиран од страна на ООУ „Круме Кепески“ – Кисела вода и ООУ „Рајко Жинзифоф“ во соработка и финансиска поддршка од Францускиот Институт Скопје. Одговорни наставници за организирање и реализација на целиот проект беа наставниците по француски јазик Билјана Ѓоргоска и Тина Пуфкова заедно со ученици од шесто и седмо одделение.

**Цели на проектот се:**

- Запознавање на учениците со обичаите за прославување на празникот Божиќ во Франција и франкофонските земји во Европа;
- Воочување на сличностите во културите на Франкофонските земји и Македонија;
- Подобрување на јазичното ниво, збогатување на лексичкиот фонд и зајакнување на комуникативните акти на француски јазик;

**Активности:**

- Учениците преку читање се запознаа со традициите и обичаите на прославување на празникот Божиќ во Македонија и франкофонските земји;
- Изработка на новогодишни честитки и украсување на елка;
- Претставување на божиќните обичаи во Македонија преку драматизација, изработка на коледарски пакетчиња и преставување на Божиќен базар.

4. **Проект „Наш град“** поддржан од Амбасадата на САД, во организација на Здружението КАЖИ КОГА - Центар за инклузивен развој и Општина „Кисела Вода“.

**Цел на проектот:**

да се поттикне дискусија помеѓу основците во општината за изгледот на јавните простори, содржините што парковите, игралиштата и улиците во нивните населби ги имаат, како и важноста за нивното чување и одржување.

**Активности:**

-реализирана работилница за јавни простори и учеството на децата и младите во нивното планирање, одржување и трансформација со ученици од седмо, осмо и деветто одделение.

За време на работилницата на која присуствуваа и претставници од секторот образование на Општина „Кисела Вода“, како и директорката на училиштето Павлина Трипуновска и училишниот психолог Андријана Тасевска, учениците беа поттикнати да замислат, нацртаат и претстават нивни идеи за изгледот на паркови и игралишта во нивната населба. Една од идеите што учениците ја разработија по препорака на училишниот психолог беше и уредување на просторот пред и зад училиштето. Дополнително, учениците од VIII и IX одделение разработија и идеја за нов парк во населба Припор, за преуредување, односно модернизирање на постечкиот парк и игралиштето во населбата, изградба на парк за миленици, како и мал плоштад во склоп на истите.

**5.Проект „Фудбал во училиште за секое дете“** – Федерација на училишен спорт и Фудбалска федерација на Македонија

**Цел на проектот:**

-Запознавање на елементите од фудбалската игра

-Да се запознае и засака фудбалската игра

-Децата кои не тренираат ниту еден спорт да засакаат да играат фудбал

**Учесници** – ученици кои не тренираат спорт од второ, трето, четврто и петто одделение, одделенски наставници, наставници по физичко образование: Игор Зафировски, Александар Милојевиќ

**Активности:**

-фудбалски тренизни

-натпревари од забавен ненатпреварувачки карактер меѓу одделенија

**6.Фудбал во училиште за девојчиња** - Федерација на училишен спорт и Фудбалска федерација на Македонија

**Цел на проектот:**

-Обучување на фудбалската игра , дружење и забава

**Учесници** – ученички од четврто и петто одделение, одделенски наставници, наставник по физичко образование – Моника Јаневиќ/

**Активности:**

-фудбалски тренизни

-натпревари од забавен ненатпреварувачки карактер меѓу одделенија

| 24th Pan-European Conference on Digital Education: Digital Teaching of Languages | 31. 03. 2022 Онлајн конференција, Primera, Slovenia | Гордана Икономовска, Билјана Дивјакоска, Марија Д.Ристевска, Татјана Пеливанова |
| Webinar „Story Telling for Teachers“ | 03. 04. 2022 Global forum for teacher educators | Билјана Јовчева, Гордана Икономовска |
| Gejmifikacija -– онлајн обука | 8.4.2022 - Institut za moderno obrazovanje - Beograd | Татјана Пеливанова |
| Онлине Обука за алатката Mathigon | 11.04.2022 Здружение на одделенски наставници - УЧИТЕЛ | Марина К.Ангелова, Елена Таневска, Ирена Павлоска, Маја Саздовска, Даниела Велковска, Горица Стојанова, Ирена Костадинова, Билјана Јовчева, Гордана Икономовска |
| Вебинар<br>Финансиска писменост | 19. 04.2022<br>Здружение на просветни работници | Елена Петровски, Светлана Смилковска |
| Roditelji i STEM: Zabavni eksperimenti u kucnim uslovima | 14. 04. 2022 Obrazovni centar STEM i Mreza nastavnika STEM zbornica | Билјана Јовчева, Гордана Икономовска |
| Семинар “Teaching English in the Post-Pandemic Era” | 15.4.2022, Express Publishing | Нарциса Блажевска |
| 25th Pan-European Conference on Digital Education: Digital Teaching of Languages | 21. 04. 2022 Онлајн конференција, Primera, Slovenia | Билјана Јовчева, Гордана Икономовска, Марија Д.Ристевска |
| Аутизам и карактеристики поврзани со аутизмот- едукативен курс за наставници | 24.4.2022, Бугарска амбасада | Петранка Ристовска |
| „Охрабрување на децата и младите во Северна Македонија да станат двигатели на промените за намалување на ранливоста на заедниците од климатските промени“, спроведуван од | Февруари, Март, Април-УНИЦЕФ | Славица Велковска Тимова |

| | | |
|---|---|---|
| УНИЦЕФ | | |
| Webinar „Learning Beyond the Boundaries“ | 01. 05. 2022 Global forum for teacher educators | Билјана Јовчева, Гордана Икономовска |
| Онлине обука -„Акциски истражувања за успешен наставник“ | 05.05.2022 Здружение на одделенски наставници - УЧИТЕЛ | Марина К.Ангелова, Елена Таневска, Ирена Павлоска, Даниела Велковска, Горица Стојанова, Ирена Костадинова, Наташа Нумановиќ, Билјана Јовчева, Гордана Икономовска |
| Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки | 6-8.05.2022, ПМФ Скопје | Наташа Јаковческа |
| Webinar „Social Emotional Learning for Teachers“ | 08. 05. 2022 Global forum for teacher educators | Билјана Јовчева, Гордана Икономовска |
| Вовед во формативно оценување-ЕДУИНО вебинар | 10.05.2022г. БРО | Зорица Глигорова, Билјана Тодоровска, Марина К.Ангелова, Елена Таневска, Ирена Павлоска, Горица Стојанова, Светлана Карафиљкова, Весна Настоска, Ирена Костадинова, Соња Евгениевска, Наташа Нумановиќ, Драгица Иванова, Билјана Јовчева, Гордана Икономовска, Валентина Стаматовска, Марјан Бошев, Фросина Ѓорѓиевска, Гордана Арсовска |
| Панел дискусија „Институционална поддршка како клуч за младински развој“ | 11.5.2022, Вплонтерски Центар Скопје | Нарциса Блажевска |
| „Воведување на нов модел на процена на деца и млади со попреченост во Р. С. Македонија“ | 17.05.20200 Меѓународен Славјански Универзитет | Билјана Тодоровска, Марина К.Ангелова, Елена Петровски, Наташа Нумановиќ, Драгица Иванова |
| Едуино вебинар - Вовед во | 17.05.2022 | Билјана Тодоровска, |

| | | |
|---|---|---|
| педагошки пристапи кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици | Едуино | Марина К.Ангелова, Елена Таневска, Ирена Павлоска, Горица Стојанова, Светлана Карафиљкова, Весна Настоска, Елена Петровски, Светлана Смилковска, Соња Евгениевска, Наташа Нумановиќ, Билјана Јовчева, Гордана Икономовска, Марјан Бошев, Лидија Петровска |
| Меѓународна конференција „STEM kroz razlicite pristupe poducavanja“ | 18-19. 05. 2022 Obrazovni centar STEM | Билјана Јовчева, Гордана Икономовска |
| Едуино вебинар - Вовед во наставни компетенции со технолошка поддршка на наставата | 25.05.2022 Едуино | Билјана Тодоровска Марина К.Ангелова, Елена Таневска, Ирена Павлоска, Горица Стојанова, Весна Настоска, Елена Петровски, Светлана Смилковска, Соња Евгениевска, Наташа Нумановиќ, Билјана Јовчева, Гордана Икономовска, Марјан Бошев, Фросина Ѓорѓиевска, Гордана Арсовска |
| ,,Да ја вратиме навиката за читање лектири“ | 26.05.2022г. ЗОН-УЧИТЕЛ | Зорица Глигорова, Марина К.Ангелова, Елена Таневска, Ирена Павлоска, Горица Стојанова, Ирена Костадинова, Наташа Нумановиќ, Билјана Јовчева, Гордана Икономовска |
| 26 th Pan-European Conference od Digital Education | 26.5.2022- Primera Courses- Slovenija | Татјана Пеливанова |
| Курс за наставници на тема дискриминацијата, врсничкото насилство (булинг) и говорот на омраза во училиштата | 27.05.2022 Институтот за човекови права | Билјана Тодоровска, Марина К.Ангелова, Елена Таневска, Ирена Павлоска, |

| | | |
|---|---|---|
| | | Горица Стојанова |
| Конференција “Bringing Teachers Together Conference” | 27.5.2022, Hamilton House Publishers and Akademska Kniga | Нарциса Блажевска |
| Обука „Холистичка училница“ | 16,17.06.2022 –Илина Ведран Академија | 35 учесници |

***9.2.2.Активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи***

| **Активност** | **Кога, каде и организатор** | **Реализатор** |
|---|---|---|
| Дисеминација: „Предавање на контроверзни теми во училница“ | 20.8.2021,ООУ „Круме Кепески“ | Нарциса Блажевска |
| Обука на директори на средни училишта во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата за градење инклузивна училишна култура“- ЕРАЗМУС+ програма за обука за директорите на основните и средните училишта во Хрватска и Северна Македонија HEAD – изработка на програма, модули и реализација на обуката . | мај-октомври 2021, МЦГО | Андријана Тасевска |
| Подготовка на материјали за две работилници на тема „Употреба на инклузивен јазик“ (подготовка за часови, односно работилници, презентации, работни листови и квизови за учениците од четврто до шесто одделение и за за учениците од седмо до деветто одделение) | Ноември 2021, МОН, БРО, УНИЦЕФ | Андријана Тасевска |
| Учество во изготвување на Стандарди за инклузивно училиште – работна група формирана од МОН | Април – декември 2021 „Песталоци“, „Отворете ги прозоците“, МОН, БРО | Андријана Тасевска |
| Снимање промоциско видео заедно со 4 деца од 9-1 одд, како дел од учество во проектот: „Наставници за едукација, демократија и права- Предавање на контроверзни теми во училница во организација на LEAD“ | Октомври – ноември | Нараciса Блажевска |
| Учество во работна група за изготвување на методологија за проценка на демократската клима во основните училишта- МЦГО, БРО | Мај, јуни 2022 | Андријана Тасевска |
| Презентирање на програмата за обука на директори на основни и средни училишта во рамките на проектот „ HEAD Зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата за градење инклузивна училишна култура“ - ЕРАЗМУС+ , МЦГО, „Чекор по чекор“, | Мај 2022 | Андријана Тасевска |

| | | |
|---|---|---|
| Фасцилитирање на работилница за градење политики за зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата како лидери на инклузивното образование – МЦГО, „Чекор по чекор“ | Мај 2022 | Андријана Тасевска |
| Национален координатор за натпревари по англиски јазик за основно образование ЕЛТАММК и член на УО на ЕЛТАММК | | Нарциса Блажевска |
| Учество во организирањето на општинскиот натпревар по англиски јазик | 19.03.2022 | Наташа Јаковческа,Марија Д. Ристевска, Билјана Дивјакоска, Гордана Арсовска |
| Учество во организирањето на регионалниот натпревар по англиски јазик | 7.05.2022 | Марија Д. Ристевска, Билјана Дивјакоска, Гордана Арсовска |
| Учество во организирањето на државниот натпревар по англиски јазик | 28.05.2022 | Билјана Дивјакоска, Гордана Арсовска |
| Објавен текст во Нова Македонија на тема: „Круме Кепески во детските стихови“ | 19.4.2022 | Татјана Пеливанова |
| Член на комисија за избор на ученички трудови по распишан оглас по повод 119 годишнината од смртта на Гоце Делчев | СЗПР на Македонија | Весна Настовска |
| Член на комисија за избор на ученички трудови по распишан оглас по повод 24 Мај – Ден на сесловенските просветители Кирил и Методиј | СЗПР на Македонија | Весна Настовска |
| Учество во настани со Здружението на просветните работници на град Скопје (потпишување на меморандуми за соработка со општини во Скопје, волонтерски центри, синдикални организации), настан во Општина Центар „Пролет, поезија, екологија“ на 20.3.2022, одбележување на Денот на Европа во Домот на културата Билјана Беличанец во Кисела Вода, едукативна работилница „На час по мир“ на 25.3.2022, хуманитарни акции во училишта | Здружение на просветните работници на град Скопје | Весна Настовска |
| Учество на отворен повик за едукативни активности на ЕДУИНО- РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ за изработка на активности и игри. Изработени, пријавени и објавени се 11 едукативни активности- **наставничката е прогласена за ЕДУИНО амбасадор** | ЕДУИНО- РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ | Гордана Икономовска |
| Учество на конкурс за наставници за изработка на мултимедијален ИКТ проект инспириран од | Литературна манифестација | Билјана Јовчева, Гордана |

| | | |
|---|---|---|
| творештвото на Видое Подгорец, на тема „Убави зборови -**освоена прва награда** | „Средби под јаворите - Видое Подгорец“ 2022 | Икономовска |
| Национален обучувач за Концепцијата за основно образование | БРО | Горица Стојанова |
| Работа во работна група за понатамошна примена на законските и подзаконските акти за инклузивно образование | МОН | Андријана Тасевска |

***Во организација на Општина „Кисела Вода“, а според претходно објавен конкурс за избор на најдобри наставници и стручни соработници за учебната 2021/2022 година, од ООУ „Круме Кепески“ беа прогласен Марина Крстевска Ангелова – одделенски наставник и Нарциса Блажевска – наставник по англиски јазик за најдобар наставник .***

### *9.2.3.Работа на Стручните активи*

Работата на ***Стручните активи*** се одвиваше според претходно изготвена програма за секој актив. Активностите на стручните активи се реализираа преку состаноци од далечина и присуство на отворени часови од далечина.

***Стручниот актив за одделенска настава*** ги разработи следните теми:

1.Планирање и реализација на наставната програма за прво и четврто одделение – Горица Стојановска.

2.Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година и прилагодување на планирањата.

3.Улогата на образовните асистенти како поддршка на инклузивното образование – Лидија Петровска.

4.Информирање по однос на разгледаните планови за личен професионален развој од страна на Тимот за професионален развој и изготвената анализа за потребите на професионалниот развој – Андријана Тасевска, Билјана Тодоровска.

5.Постапување на училиштето во случај на насилство- интерна обука- психолог Андријана Тасевска.

6.Дискалкулија –Потешкотии со математика –презентер Петранка Ристевска.

7.Побрзо и полесно учење-презентер Антонела Анѓеловска.

8.Обработка на текст со примена на техники во IV одделение –презентер Светлана Смилковска.

***Стручниот актив на група предмети од општествените науки*** ги разработи следните теми:

1. Дисеминација на тема: „Предавање на контроверзни теми во училница“ - Нарциса Блажевска

2.Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година и прилагодување на планирањата.

2.Разгледување на предадени планови за личен професионален развој – Андријана Тасевска, Билјана Ѓоргоска.

3.Улогата на образовните асистенти како поддршка на инклузивното образование – Лидија Петровска.

4.Нагледен час – интегрирана настава – македонски јазик и музичко образование “Рефрен “ – реализатори: Татјана Пеливанова и Гордана Арсовска.

5.Отворен час по предметот ангилиски јазик на тема: „Вовед на контроверзни теми во училницата“ -Нарциса Блажевска.

6.Отворен час по предметот историја со шесто одделение на тема „Македонската држава во времето на Филип II“ - Слободан Трајковски.

7. Интегриран час по предметите француски и англиски јазик во осмо одделение на тема „Француската наспроти Британската кујна“- Билјана Ѓоргоска и Лариса Станкова.

8.Отворен час по ликовно образование на тема „Различни а блиски“ во шесто, седмо и осмо одделение-Касиопеја Наумоска.

9.Интегриран час во шесто одделение по предметите македонски и англиски јазик на тема „Комуникациски дијалог (Учтив разговор)“- Билјана С. Дивјакоска, Марија Дамчевска Ристевска.

10.Отворен час по физичко образование на тема „Систематизација на училишниот спорт“ -Игор Зафировски.

***Стручниот актив на група предмети од природните науки*** ги разработи следните теми:

1.Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година и прилагодување на планирањата- разгледувани скратените наставни програми за новата учебна година од природна група на предмети.

2.Разгледување на предадени планови за личен професионален развој – Андријана Тасевска, Митка Панарин.

3.Улогата на образовните асистенти како поддршка на инклузивното образование – Лидија Петровска.

4.Нагледен час „Примена на алгебарски операции при решавање задачи со плоштини-Икт“-реализатор:Митка Панарин.

5.Нагледен час „Намалување на топлинска загуба“-реализатор:Борче Димитриевски.

7.Нагледен час „Мода, медијана, ранг, аритметичка средина“-реализатор:Марјан Бошев.

8. Алатка за онлајн квизови - Наташа Јаковческа.

9. Работна средба со стручниот актив- Тим за МИО.

10. Нагледен час „Истражување на корозија“- Славица Велкова Тимова.

11. Нагледен час „Адаптација и камуфлажа“- Фросина Ѓоргиевска.

## 10.Извештај за работата на директорот на училиштето

Работата на директорот на училиштето се одвиваше според претходно изготвена програма, која ги опфаќа следните подрачја:

-Организациони работи

-Стручно-аналитичка работа

-Педагошко раководење со училиштето – планирање/ поддршка на наставата

-Следење и вреднување на работата

-Советодавна работа со родители и ученици

-Работа во стручните органи на училиштето

-Законско и административно работење на училиштето

-Соработка со општествената средина

Во однос на подрачјето **Организациони работи** директорот на училиштето беше ангажиран околу подготовките за почеток на учебната година, изработка на план за ангажираност на кадарот, распоред на часови, планирањето на задачи и формирањето на паралелки, учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето, дневната организација на работата, организирањето на начинот на одбележување на значајни датуми, организација на училишни и вонучилишни активности и натпревари, организирањето на здравствената заштита на учениците и вработените, подготвувањето на полугодишниот и годишниот извештај за работа на училиштето, организирањето на здравствената заштита на учениците, спроведување на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието, како и организирање на одржувањето на училиштето во поглед на реновирање, поправки и набавување на нагледни средства.

Карактеристично за оваа учебна година беше организирањето на целиот воспитно-образовен процес во услови на вонредна состојба поради корона вирусот, како што се: спроведување на пропишаните мерки од аспект на здравствената заштита и дезинфекција на училиштето, изготвување на посебни протоколи, процедури и правила за постапување при настава во време на пандемија и организирање на процесот на настава и комуникација со учениците, родителите и воспитно-образовниот кадар според посебени протоколи за заштита.

Во однос на подрачјето **Стручно-аналитичка работа** директорот на училиштето беше вклучен во делот на изготвување на анализи на успехот, поведението и редовноста на учениците, како и информации и извештаи за реализацијата на Годишната програма на училиштето, наставниот план и програмите за изведување настава, воннаставните активности, работата на проектите и професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар. И оваа учебна година директорот беше вклучен во спроведувањето на студии и истражувања поддржани од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, кои се однесуваа на унапредување на квалитетот на образовниот систем и на благосостојбата на децата, со свое активно учество, но и со овозможување да се добијат информации, мислења и ставови од ученици, наставници и родители од училиштето, со што се помогна при реализацијата на истражувањата и студиите, а со тоа се даде приоднес во унапредување на образовниот процес пошироко.

**Педагошко-инструктивната работа** на директорот беше насочена кон давање советодавна помош на наставниците во поглед на организацијата и изведувањето на наставата, при што беа извршени увиди во задолжителната, изборната, додатната и дополнителната настава, воннаставните активности, како и во педагошката евиденција и документација, по кои следеа консултации со воспитно-образовниот кадар и насоки за понатамошна работа.

Во поглед на **Следењето и вреднувањето на работата на училиштето**, директорот на училиштето постојано имаше увид во севкупната работа на училиштето, што значи дека беа опфатени сите служби и структури во училиштето, при што се вршеше споредување на планираното со реализираното, вреднување, констатирање на состојбите и давање насоки за понатамошна работа. Оваа учебна година беше спроведен процесот на самоевалуација на училиштето и изготвување на Развојна програма за период од следните четири години.

**Советодавната работа со родителите и учениците** директорот главно ја реализираше преку индивидуална работа со ученици и родители и учество во работата на Советот на родители.

**Работата во стручните органи и тела** на училиштето се одвиваше преку планирање и одржување на состаноци на Одделенските совети, Наставничкиот совет, Стручните активи и останатите стручни тела на училиштето. Воедно активно учествуваше во работата на Училишниот одбор за прашања за кои истиот имаше потреба од консултации со директорот.

Работата во рамките на подрачјето **Законско и административно работење на училиштето** опфаќаше следење на измените и дополнувањата во законите, прописите и

подзаконските акти, како и учество во изготвувањето на интерни правилници, процедури и постапки за училиштето.

**Соработката со општествената средина** се одвиваше преку постојани контакти на директорот со локалната самоуправа, Министерството за образование, Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието, како и други институции и лица кои придонесуваат за поуспешна работа на училиштето. Директорот на училиштето во текот на целата учебна година беше вклучен во сите активности организирани од страна на Општина „Кисела Вода", ги координираше активностите со кои беше задолжено училиштето и соработуваше со локалната самоуправа.

Во текот на учебната година **професионалниот развој** на директорот се одвиваше преку следење на промените поврзани со воспитно-образовната работа во училиштето и начинот на организирање, раководење и следење на работата. Воедно, директорот на училиштето беше дел од Тимот за професионален развој и имаше водечка улога при идентификацијата на потребите за професионален развој на кадарот и организирањето на поддршката која ја добиваа вработените за нивен професионален развој.

Павлина Трипуновска – директор

## 11.Извештај за работата на психологот на училиштето

Работата и активностите на психологот на училиштето се одвиваше врз основа на Годишната програма за работа на училиштето и Годишната програма за работа на психологот. Во текот на учебната 2021/2022 година реализирани се следните активности по подрачја:

**I.Планирање и подготовка на Годишната програма и месечни планирања за работа на психологот.**

**II.Изготвување на планирања и програми на ниво на училиште:**

1.Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето.
2.Изготвување на Акционен план врз основа на Програмата за професионален развој на воспитно-образовниот кадар.
3.Изготвување на Програма и Акционен план за унапредување на оценувањето на учениците.
4.Изготвување на Програма за професионална ориентација на учениците.
5.Изготвување на Програми за советување на родители и ученици.
6.Изготвување на Проширена програма на училиштето.
7.Изготвување на процедури и постапки во однос на различни подрачја и сегменти од работата на училиштето.

8.Изготвување на акциони планови за повеќе подрачја и сегменти од работата на училиштето.

9.Изготвување на превентивни програми за заштита од болести на зависност и за заштита на менталното здравје на учениците.

10.Координирање на активности за реализација на акционите планови од Развојната програма на училиштето.

11.Учество во изготвување на протоколи, насоки и правила за работа на училиштето во услови на пандемија од КОВИД 19.

## III.Советодавна работа со ученици:

1.Работа со учениците од шесто одделение во врска со начинот на учење и поуспешна адаптација на промените кои настануваат со преминот од одделенска во предметна настава.

2.Индивидуална работа со учениците кои имаат потешкотии во учењето, проблеми од емоционален карактер, на планот на социјализација и семејни проблеми, при што се соработуваше и работеше и со нивните родители, како и со институции надвор од училиштето надлежни за одреден проблем.

3.Работилници со ученици кои се однесуваа на нивната безбедност и зачувување на менталното здравје. Реализирани онлајн работилници:

- Интернет без насилство – паметно и безбедно
- Врсничко насилство
- Нашите емоции
- Да споделиме пријателство
- Справување со конфликти
- Употреба на инклузивен јазик

4.Дебати со учениците и Ученичката заедница во однос на запазувањето на воспитната компонента.

5.Учество во работилница за јавни простори и учеството на децата и младите во нивното планирање, одржување и трансформација со ученици од седмо, осмо и деветто одделение - **Проект „Наш град“** поддржан од Амбасадата на САД, во организација на Здружението КАЖИ КОГА - Центар за инклузивен развој и Општина „Кисела Вода“.

6. Организирање и реализирање на едукативно- интерактивна работилница со учениците од деветто одделение на тема : „Како младите да не бегаат од обврски туку да се поттикнат да ги сакаат препреките на патот кон нивната цел“ во соработка со Домот на културата „Кочо Рацин“ – Скопје - едукатор др. Жарко Костиќ, мотивациски говорник.

7.Советување на ученици кои отсуствуваат од настава, покажуваат намален успех или несоодветно однесување.

## IV.Работа со ученици со посебни потреби

1.Идентификација, евидентирање и водење на документација за учениците со посебни потреби.

2.Консултации и помош на наставниците во однос на изготвувањето на индивидуална програма за работа, прилагодување на просторот, формите, методите и наставните средства за работа.

3.Индивидуална поддршка за зајакнување на капацитетите на учениците со посебни потреби.

4.Работа со родителите на учениците со посебни потреби и давање насоки за работа во домашни услови.

5.Работа во Училишниот инклузивен тим и во Инклузивните тимови за ученик.

## V.Работа со ученици со потешкотии во учењето

1.Индивидуална работа со учениците со потешкотии во учењето во поглед на оспособување за самостојно учење и упатување во техниките за успешно учење.
2.Консултации со наставниците и родителите и насоки за работа со учениците.

## VI.Запишување на ученици и формирање паралелки

1.Помош во процесот на запишување на учениците во прво одделение.
2.Работа со ученици кои преминуваат од друго училиште во нашето во поглед на адаптацијата.

## VII.Следење на успехот и напредокот на учениците

1.Обработка и анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците по секој период во текот на учебната година.
2.Изготвување на Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето.
3.Следење на успехот на учениците во воннаставните активности.

## VIII.Работа на професионалната ориентација на учениците

1.Анкетирање на учениците од деветто одделение во однос на нивната информираност и првичната заинтересираност за избор на одредено занимање.
2.Проверка на интересите и способностите на учениците и консултации со нив
3.Информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата за кои во нив ќе се оспособуваат и условите за запишување – реализирани онлајн работилници:

- Каде после основно училиште
- Информации за начинот на запишување во јавните средни училишта за учебната 2022/23 година

4.Испраќање на промотивен материјал од средните училишта до учениците по електронски пат.
5.Организирање на претставувања и презентации од средните училишта.
6.Организирање на следење Дигитални саеми за средно стручно образование.
7.Советодавна работа со учениците и родителите.
8.Евиденција на опфатот на ученици во средните училишта.

## IX.Соработка со родителите – советодавна работа

1.Индивидуална советодавна работа со родители.
2.Советување на родители чии деца нередовно посетуваат настава, покажуваат намален успех во учењето или имаат несоодветно однесување.

## X.Соработка со наставници

1.Консултации и соработка со наставниците во поглед на водењето на педагошката евиденција и документација, организирањето на часови со примена на разни наставни форми за време на настава со физичко присуство и за време на настава од далечина, воведување на иновации во наставата, оценувањето на учениците и решавањето на проблеми кои настанале во паралелката или во врска со поодделни ученици.
2.Увиди во планирањето на наставата и начинот на изведување на наставата за време на настава со физичко присуство и за време на настава од далечина и консултации.
3.Консултации со наставниците при реализацијата на активностите за меѓуетничка интеграција.
4.Давање на насоки за работа и помош на наставници приправници.

## XI.Соработка со стручни органи и организациони работи

1.Изготвување стручни материјали за Наставнички совет.

2.Учество во работата на Стручните активи.

3.Подготвување и реализирање на интерна обука со наставниците во рамките на стручните активи на тема „Постапување на училиштето во ситуации на насилство“.

4.Организациони работи во однос на:

-подготвување Училишен информатор за родители и ученици;

-подготвување на Брошури за запознавање на родителите со наставните програми;

-подготвување и обработка на анкети за избор на изборни предмети и слободни ученички активности;

-изготвување на Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство.

## XII.Унапредување на воспитно-образовната работа

1.Водење на професионалниот развој на наставниците и координатор на Тимот за професионален развој.

2.Член на Тимот за меѓуетничка интеграција.

3.Член на Училишниот инклузивен тим.

4.Координирање и спроведување на активностите поврзани со самоевалуација на училиштето и изготвувањето на Развојната програма на училиштето.

## XIII. Педагошка евиденција и документација

1.Следење на водењето на педагошката евиденција и документација и консултации со наставниците.

2.Водење на педагошки картони за наставниците.

3.Помош и насоки при комплетирањето на досијеата за професионален развој на наставниците.

4.Водење на сопствена евиденција и документација.

## XIV. Соработка со други институции

1.Соработка со Бирото за развој на образованието, Министерството за образование, Секторот за образование при Општина „Кисела Вода“

2.Соработка со Заводот за ментално здравје за деца и младинци и Комисија за проценка на функционалности според МКФ.

3.Соработка со организации од интерес за образованието: УНИЦЕФ, МЦГО, УСАИД, Црвениот крст на град Скопје и Црвениот крст на Општина „Кисела Вода“.

4.Соработка со секцијата на училишни психолози и здружението „Заедно за ментално здравје“.

## XV.Личен професионален развој и придонес во унапредувањето на образовниот процес пошироко:

1.Следење на обука за новата Концепција за основно образование –МОДУЛ 3- 23.08.2021 БРО.

2. Следење на вебинар во рамките на проектот “Децата не се раѓаат со предрасуди”- 27.8.2021 Здружение на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби СОЛЕМ.

3. Следење на обука за Училишни инклузивни тимови: „Биди Инклузивен биди Инклудиран“ - 8-17.11.2021 Фондација за образование и културни иницијативи – Чекор по чекор (онлајн).

4. „Спречување и борба против трговија со деца“-следење на обука за членови на Тимот за професионален развој-18.11.2021 БРО.

5. Обука на директори на средни училишта во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата за градење инклузивна училишна култура“- ЕРАЗМУС+ програма за обука за директорите на основните и средните училишта во Хрватска и Северна Македонија HEAD – изработка на програма, модули и реализација на обуката . мај-октомври 2021, МЦГО.

6. Подготовка на материјали за две работилници на тема „Употреба на инклузивен јазик“ (подготовка за часови, односно работилници, презентации, работни листови и квизови за учениците од четврто до шесто одделение и за за учениците од седмо до деветто одделение)- Ноември 2021, МОН, БРО, УНИЦЕФ.

7. Учество во изготвување на Стандарди за инклузивно училиште – работна група формирана од МОН- Април – декември 2021 „Песталоци“, „Отворете ги прозоците“, МОН, БРО.

8. Учество во работна група за изготвување на методологија за проценка на демократската клима во основните училишта- МЦГО, БРО- Мај, јуни 2022.

9. Презентирање на програмата за обука на директори на основни и средни училишта во рамките на проектот „ HEAD Зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата за градење инклузивна училишна култура“ - ЕРАЗМУС+ , МЦГО, „Чекор по чекор“, -Мај 2022.

10. Фасцилитирање на работилница за градење политики за зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата како лидери на инклузивното образование – МЦГО, „Чекор по чекор“,Мај 2022.

11. Работа во работна група за понатамошна примена на законските и подзаконските акти за инклузивно образование.

Андријана Тасевска – психолог

## 12.Извештај за работата на педагогот на училиштето

Педагогот во нашето училиште својата работа ја реализираше во согласност со Годишната програма на училиштето и Годишната програма за работа на училишниот педагог. Во учебната 2021/22г. беа реализирани следниве активности по подрачја:

**I. Планирање и програмирање:**

1. Учество во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/23г.
2. Изготвување на постапки и процедури од различна природа во училиштето;
3. Подготовка и планирање на својата работа за учебната 2022/23г.;
4.Учество во планирањето на програмата за Стручниот актив на одделенска настава.

**II. Педагошко – инструктивна работа, информативна и советодавна работа со настав ниците, учениците и родителите:**

1. Заедно со тимот во училиштето формирање на паралелките за прво одделение и учество во подготовката за првиот училишен ден;
2.Следење на почетокот на работата на првачињата и нивното прилагодување во новата средина и обрските кои ги задаваат наставниците;

3. Подготовка на Стручен актив со наставниците од прво одд. и запознавање со специфичностите на одредени ученици( потешкотии во развојот), како и со децата со здравствени и социјални проблемисо тема -„ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ -КАКО ДА СЕ СПРАВИМЕ СО ПРЕДРАСУДИТЕ НА РОДИТЕЛИТЕ И ЛИЧНИТЕ СВОИ УБЕДУВАЊА“
4. Размена со наставниците на искуствата од комбинираното водење на наставата со физичко присуство и on –line;
5. Соработка со МКФ и размена на информации со родителите кои се добиени;
6. Советодавна работа со родители и ученици каде се јавуваат потешкотии во следењето на наставата, поведението и реализирањето на зададените обрски од страна на наставникот;
7. Советодавна работа со наставниците за разрешување на конфликтни ситуации во нивните одделенија и давање соодветни насоки за надминување на проблемите;
8. Извршени увиди на часовите со физичко присуство и реализацијата на наставата.Изведени консултации со наставниците за начинот на реализацијата на наставниот час;
9. Изведување на часови во одделенска настава по потреба за отсутен наставник;
10. Размена на информации со колегите наставници кои ја реализираат новата концепција за I и IV одд.
11.Изведени се советодавни разговори со ученици кои пројавиле непримерно однесување на часовите и разговори со родителите;
12. Изведени се разговори со наставници приправници и нивните ментори за подготвката за полагање на приправнички испит.

**III. Водење на педагошка документација**

1. Споделување на искуства за водење на педагошката евиденција само во електронска форма е-дневник и помош при одредени потешкотии со кои се соочуваат наставниците:
2. Водење на педагошки картони за наставниците од одделенска настава;
3. Водење на професионални досијеа на наставниците од одделенска настава и консултации за истата;
4.Водење евиденција и документација за сопствената работа;
5.Прибирање и обработка на податоци и испраќање на извештаи на МОН за присутноста на учениците и COVID-19 информации;
6. Надоградување со консултирање на законска регулатива и правилници од областа на образованието.

**IV.Следење на учениците во наставната и вонnаставната активност:**

1.Перманентно следење на учениците во прво одделение и нивното адаптација на работната динамика во училиштето;
2. Изведени работилници со ученици во насока на надминувањето на конфликтни ситуации:
* Работилница со учениците од $III^2$ одд. за разрешување на конфликтна ситуација на насилство од поединци „Насилство – Стоп“;
* Работилница со учениците од $III^2$ одд. за конфликтна ситуација„ Исечените тренерки“ со цел учениците сами да најдат правилно решение;
* Работилница за разрешување на конфликти „Пријателско и непријателско однесување“во $II^1$одд.

**V. Учество во организација и реализација на вонnаставните активности по воспитно – образовни подрачја:**

1. Соработка со училишната поликлиника и организација на вакцинација и како и едукација на учениците од областа на здравственото воспитание и почитување на портоколите за заштита од COVID – 19;

2. Реализирана успешна соработка со стоматолошката ординација од Поликлиника „Јане Сандански“, преглед на забите на учениците и напатствија за нивно чување и нега од д-р.Љубица Трајкова;
3. Успешна соработка со Црвениот крст на Р.С. Македонија и Општинската организација при Општина Кисела Вода и СВР Скопје;
4. Успешно реализирана соработка со Црвениот крст на Р.С. Македонија во спроведување на хуманитарна акција во Недела на солидарноста;
5.Соработка со регионалните полициски службеници и меѓусебно информирање за контролите кои ќе се изведуваат во текот на престојниот период во и околу училиштето.

## VI.Соработка со стручни и општествени институции надвор од училиштето:

1. Присуство на ZOOM презентација за проект„Децата не се раѓаат со предрасуди“ – СОЛЕМ Здружение, предавач Наташа Димитриевска;
2. Посета на советничката од БРО – Мирјана Милошевска и следење на нејзините напатствија за правилното структуирање на новите наставни програми за I и IV одд. според новата концепција;
3.Работен состанок со координаторот од Ресурсен центар при СОУ„Златан Сремац“ – Јасмина Лукановска, размена на информации и давање на насоки од одговорната за работата на асистентите на децата со посебни потреби и новините кои се внесуваат во нивната работа
4.Учество во организацијата на педагози на град Скопје – СОВРЕМЕН ПЕДАГОГ- изготвување на регистар на училишта и потребни информации за меѓусебна комуникација на ниво на град Скопје;
5. Следење на обуката за Безбедност при работа
6. Учество во работата на Комисијата за упис на првачиња и реонизација по училишта при општина Кисела Вода –работа на терен и средување на податоци и нивна класификација;
7.Следење и активно учество во работилниците на обуката за –„Водење на интервју со деца – потенцијални жртви на трговија со луѓе“ on –line преку платформата–Bluejans

## VII.Соработка со стручни тела училиштето:

1.Учество во работата на Одделенските совети и Наставничкиот совет;
2. Учество во работата на Стручниот актив на одделенска настава со проследување на презентираните теми;
3.Учество на дисеминација од страна на наставник –обучувач на тема„Наставници за едукација, демократија и човекови права – Контраверзни теми во наставата“- обучувач Нарциса Блажевска;
4.Учество на Наставнички совет со тема –„Професијата професор-стил на облекување, однесување, зборување“ и изготвување на кодекс на облекување на наставниот кадар;
5. Учество во проектна активност на ниво на училиште со тим од наставници и стручни соработници и ученици од VI до IX одд. „ Големите рачиња создаваат за малите првачиња“ – изработка на наставни средства и материјали за помош на наставниците и учениците кои ја спроведуваат новата концепција во образованието.

Анита Матевска – педагог

# 13.Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето

Работата и активностите на специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето се одвиваше врз основа на Годишната програма за работа на училиштето и Годишната програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор. Во текот на учебната 2021/2022 година реализирани се следните активности по подрачја:

**I.Планирање и програмирање на воспитно образовната дејност**

1. Изработка на сопствена Годишна програма за работа;
2. Изработка насопствена Месечна програма за работа;
3. Изработка на Личен план за професионален развој;
4. Учество во изработка на Годишната програма на училиштето;
5. Учество во изработка на Програма за работа со деца со посебни образовни потреби;
6. Изработка на сопствен План за индивидуална поддршка на учениците со посебни образовни потреби;
7. Учество во изготвување на Индивидуални образовни планови за учениците со посебни образовни потреби
8. Водење на сопствена евиденција и документација како и портфолио за секој ученик со посебни образовни потреби;
9. Редовно следење, анализирање и евалуација на напредокот на учениците со ПОП;
10. Учество во процесот на запишување на ученици во прво одделение.
11. Работа во Училишниот инклузивен тим и во Инклузивните тимови за ученик.
12. Учество во изготвување и спроведување на училишен проект „Големите рачиња создаваат за малите првачиња“.

**II. Работа со ученици**

1. Опсервација на часови во паралелките со цел детектирање на ученици со потешкотии во учењето;
2. Направена дефектолошка процена на функционалните можности и способности на учениците со посебни образовни потреби;
3. Следење на процесот и давање на поддршка при адаптација на учениците во прво одделение и учениците со ПОП кои преминаа од одделенска во предметна настава;
4. Подготовка на паралелките за прифаќање на учениците со ПОП;
5. Интензивна индивидуална поддршкана учениците со ПОП;
6. Индивидуална работа со ученици со потешкотии во учењето;
7. Поддршка на час на ученици со ПОП;
8. Реализирани работилници:

-„Развој на финамоторика“, одржана на 22.10.2021 во I-2 одд;

-„Латерализација и координација на телото во целина“, одржана на 29.11.2021 во III-4 одд;

-Во соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“, по повод одбележување на Неделата за прифаќање и подигнување на свесноста за Аутизам, во период од 28.03.-31.03.2022 год, под мотото „Среќно патувам низ животот“ беа проследени и реализирани низа активности:

-Вклучување на онлајн презентација за ученици „2-ри Април Светски ден на свесноста за аутизам“, 28.03.2022, со учениците од V-2 одд;

-Онлајн работилница „Венец на среќата“, на 29.03.2022, со учениците од V-2 одд;

-Онлајн работилница „Порака во Сложувалка“, на 30.03.2022, со учениците од V-2 одд;

-Во соработка со наставниците Горица Стојанова и Марија Д. Ристовска организирана и спроведена креативна работилница под мотото „Секој е посебен дел од нашата сложувалка“,со ученици од IV одделение, по повод одбележување на 2-ри Април, Светскиот ден на свесноста за аутизам, на 31.03.2022.

-Организирање и учество во реализација на работилници со ученици од VI до IX одд, во рамките на училишниот проект „ Големите рачиња создаваатзамалитепрвачиња“:

-Работилница 1 „Изработка на еднобојна пиши-бриши флипчарт табла“, на 29.03.2022 и 05.04.2022 со тим на ученици од VII одд;
-Работилница 2 „ Изработка на картички (шеми) за Geoboard табла“, на 31.03.2022 со тим на ученици од IX одд;
-Работилница 3 „-Изработка на песочни табли/кутии за цртање и пишување и изработка на картички со букви, броеви, графомоторни низи“, на 06.04.2022 со тим на ученици од VI одд;
-Работилница 4 “„ Изработка на пиши-бриши флипчарт табла со броевите од О до 9“, на 20.05.2022 со тим на ученици од VIII одд;

## III. Работа со наставници

1. Овозможена стручна помош на наставниците за идентификување на ученици со ПОП и развивање стратегии за работа со нив;
2. Дадени насоки и поддршка на наставниците за изготвување и спроведување на ИОП;
3. Редовно следење на процесот на водење и спроведување на ИОП;
4. Поддршка за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуација;
5. Дадени насоки за користење на разни методи и техники во работата со учениците со ПОП, прилагодување на условите и материјалите за работа во согласност со потребите и можностите на учениците;
6. Поддршка на наставниците за работа со ученици во зависност од видот и специфичните потешкотии на конкретен ученик;
7. Редовна консултативно-советодавна работа со наставници преку индивидуални средби и размена на информации;
8. Редовно информирање на наставниците за стручни настани, обуки, семинари, предавања;
9. Одржана дисеминација на наставниот кадар на тема „Улога на образовните асистенти како поддрша на инклузивното образование“, на 06.09.2021 за наставници од одделенска настава и 07.09.2021 за наставници од предметна настава.

## IV. Работа со родители

1. Соработка со родителите на учениците со посебни образовни потреби за подобро разбирање на состојбата на нивните деца за давање на потребната помош и поддршка;
2. Редовно информирање на родителите за напредокот на нивните деца;
3. Редовни консултативно-советодавни средби со родители, со цел давање насоки за работа и поддршка во домашни услови;
4. Информирање на родителите на ученици со ПОП за нивните права, обврски и бенефиции кои можат да ги добијат и упатување до релевантни институции за помош;
5. Информирање на родителите за настани кои можат да им бидат од помош.

## V. Соработка со заедницата

1. Соработка со„Регионално стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје “(според МКФ) - Скопје;
2. Соработка со локалната самоуправа;
3. Соработка со ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“-Скопје;
4. Соработка со „Здружение за дислексија Ајнштајн“;
5. Соработка со фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“-Скопје
6. Соработка со Здружение на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби СОЛЕМ-Скопје.

## VI. Професионален развој и професионална соработка

Посетени обуки, вебинари, работилници...

1. Тренинг „Припрема и обука на наставниците за воспитно образовна работа со ученици со визуелни оштетувања во инклузивното образование“ , поддржан од програмата Еразмус +, во рамките на проектот „EQUAL“, ДУРДМОВ „Димитар Влахов“-Скопје, 03.06.2021;

2. Сесија за дисеминација за предавање на контроверзни теми во училница, Здружение ЛЕАД-Скопје, 20.08.2021, Нарциса Блажевска;
3. Обука за новата концепција за основно образование –Модул 3, БРО, 23.08.2021;
4. Меѓународна конференција, Лицата со аутизам во центарот на вниманието- поддршка преку индивидуално насочено планирање, МНЗА, 25.08.2021;
5. Вебинар во рамките на проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди“, Здружение на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби „СОЛЕМ“- Скопје, МОН, БРО, 27.08.2021;
6. Инфосесија„ Улога на образовните асистенти како поддршка на инклузивното образование“, ОУРЦ„ Д-р Златан Сремец“-Скопје, 31.08.2021;
7. Обука за „Безбедност и здравје при работа“, Проген 3 ДОО Скопје, 26.10.2021;
8. Обука за „Училишни инклузивни тимови“, Проект„ Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“,Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, 08,09,15,17 Ноември 2021;
9. Обука „Противпожарна заштита“, Сигурност ДП Скопје, 6.12.2021;
10. Едуино вебинар „Превенција на осипување (DROP-OUT PREVENTION) на ученици од образовниот процес“, БРО, 15.12.2021;
11. Вебинар „Дискалкулија- практични методи и алатки“, Здружение за дислексија „Ајнштајн“, 02.02.2022, Славица Т. Николовска;
12. Онлајн конференција „Врската меѓу добросостојбата на децата и нивните постигнувања“, Влада на РСМ, Британска амбасада во Скопје и УНИЦЕФ, 9-10.03.2022;
13. Едуино вебинар „Вовед во педагошки пристапи кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици“, МОН, БРО, УНИЦЕФ, 17.05.2022;
14. Обука „Холистичка училница“,Школо за обука на тренери за личен развој „Илина Ведран Академија, 16-17.06.2022, Илина Ведран.

Лидија Петровска-
специјален едукатор и рехабилитатор

## 14.Заклучни согледувања и предлог мерки за подобрување на состојбите и унапредување на дејноста

Учебната 2021/2022 година во ООУ „Круме Кепески“ и во нашата држава помина во вонредни услови предизвикани од пандемијата со КОВИД 19. Училиштето успешно се справи со оваа ситуација како во поглед на организација на работата, согласно пропишаните портоколи за работа во услови на пандемија, така и во поглед на организација на наставниот процес со физичко присуство на учениците и со учење од далечина за дел од нив.

Битно е да се напомене дека:

1.Беа обезбедени сите потребни услови за безбедно одвивање на наставата со физичко присуство од аспект на здравјето на учениците.

2.Наставата од далечина, за оние ученици кои не беа во можност да следат настава со физичко присуство, се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество на учениците.

3.Наставата во прво и четврто одделение се одвиваше согласно нови наставни програми кои произлегоа од Концепцијата за основно образование, а чија успешна реализација наставниот кадар постојано се подготвуваше и соработуваше меѓу себе и со надлежните советници од Бирото за развој на образованието.

4.Учениците беа вклучувани и во воннаставни активности, како и во превентивни работилници во кои акцент се ставаше на зачувување на менталното здравје на учениците во услови на пандемија.

5.Воспитно-образовниот кадар особено внимание посвети на својот професионален развој.

6.Во континуитет со претходните учебни години, особено внимание се посвети на активностите за јакнење на инклузивната култура, политика и практика на училиштето.

7.Во второто полугодие во ООУ „Круме Кепески“ се спроведе процесот на самоевалуација и врз основа на истиот беше изготвена новата Развојна програма за период од четири години.

Периодот на функционирање во услови на пандемија за нас беше научена лекција дека континуирано треба да се подговуваме за работа во различни ситуации, да ги предвидуваме ризиците и да стекнуваме нови вештини за непречено реализирање на воспино-образовниот процес.

Директор

Павлина Трипуновска